Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-Institucion Nacional
МУЗЕЈ-MUZEU
Бр.Nr.: 01-54
03.03 2023 год. viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА НУ МУЗЕЈ КУМАНОВО ЗА 2022 ГОДИНА

Работата на НУ Музеј Куманово во 2022 год. се одвиваше според Годишната програма на Музејот и Годишниот договор за финансирање на Програми од национален интерес за културата за 2022 год., потпишан меѓу Министерството за култура како давател на финансиска подршка и Музејот како корисник.

Со годишниот договор за 2022 год. од 04.02.2022 год. број 31-1371/1 и Анекс договор бр. 31- 1371/24 од 27.07.2022 год. Министерството за култура ги финансираше следните проекти на Музејот:

**Од областа на музејската дејност:**

- Украсувањето на облеката како начин на препознатливост на албанскиот народ,
- Неколку цркви од кумановско со царски двери во резба
- ,,АСНОМ''
- Изработка и печатење на ,,Асномска музејска читанка''
- Женска свадба кај Албанците во кумановскиот крај
- Одржување на сајтот на музеј Куманово и Кокино
- Дигитализирање на археолошки содржини на лок. Градиште, с.Младо Нагоричане
- Системско археолошко ископување на лок. Градиште, с. Младо Нагоричане
- Редовна работа во одделението за музејска евиденција
- ,,Едукација и за нас невидливите''
- Конзервација на музејски материјал и тековно опремување на лабораторија
- Етнолошко истражување на селата од Козјачијата
- Уредување и тековно одржување на лок.Кокино
- Тековно оддржување на меморијалниот центар АСНОМ, с.Пелинце и одбележување на празникот 2 август

**Од областа на Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:**

- Плато пред Меморијалниот центар „АСНОМ ''с. Пелинце
- Одржување на музејски згради

**Од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн:**

- Ликовна колонија „Куманово''2022
- Изложба на дела од ликовна колонија „Куманово 2021''
- Кумановски ликовни уметници 2022
- Крсто Славковски, ретроспективно – монографска изложба
- Наивата во Македонија, изложби во Скопје, Штип и Гевгелија
- Самостојна изложба на Мухамет Идризи
- Самостојна изложба на Александар Симоновиќ
- Самостојна изложба на Мирослав Величковски

**Од областа на литературна и издавачка дејност:**

- Списание „Музејски гласник''бр. 14

# АРХЕОЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ

## 1.СИСТЕМАТСКИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТ ГРАДИШТЕ – с. МЛАДО НАГОРИЧАНЕ

Истражувањата се извршени од 16.05.2022 – 16.06.2022 по добиена Дозвола од УЗКН - УП Бр. 08-343 од 10.05.2022. г. Според планираното, поставени се 4 сонди – две на Акрополата и две на Долната тераса.

На Акрополата, целосно е изработена сонда 30. Станува збор за сонда со димензии 4х3 м, која директно се надоврзува на каналот за одвод на вода, откриен во претходните истражувања. Каналот се движи кон север, и се губи во северниот профил. Направен е пресек по средината на сондата, преку кој е стигнато до праисториското ниво на користење/живеење, без траги од стабилни конструкции.

Поради следење на каналот, кон северозапад е поставена уште една (32) сонда 3х3 м, на определено растојание од сондата 30. Каналот продолжува да се движи кон запад, но, поради тоа што во тој правец веќе се гледа матичната карпа на површина, од каде што започнува стрмнина, претпоставуваме дека крајот на каналот е во непосредна близина на сондата

На Долната тераса се поставени две сонди, кои се надоврзуваат на С 28. Западно од неа, со димензии 5х5 е поставена сонда 29, а северно од 28 е сонда 31, со димензии 5х2 м. Досегашните показатели повторно одат во прилог на тезата дека овој карпест простор е користен за изведување на ритуали на полагање на дарови (садови), кои биле покриени со камења.

Сонда 31 е поставена на северниот профил на сонда 28/21, 2м кон север. Во овој слој, постои железнодопски ѕид, кој се чини дека имал кружна форма, и огниште (печка) во која како основа се вградени голем број на фрагменти од декорирани железнодопски садови.

Од наодите, би ја издвоиле малоазиската фибула од Сонда 30, од 4 в. пр.н.е., како и големото количество на керамика од сонда 29, меѓу кои и делови од кратер и црнофирнизирани ихтии, исто така од 4 в. пр.н.е.

## 2.ДИГИТАЛИЗИРАЊЕ НА АРХЕОЛОШКИТЕ СОДРЖИНИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ГРАДИШТЕ – Мл. НАГОРИЧАНЕ И ЦРКВИШТЕ - КЛЕЧОВЦЕ

Дигитализирањето на археолошките содржини на локалитетите Градиште и Црквиште е направено по претходно добиени дозволи од УЗНК (УП 08-926 од 29.10.2022, УП 08-954 од 28.10.2022) кои се однесуваат на вршење на археолошки истражувања без употреба на деструктивни методи.

На Градиште е снимано на 7 локации, со акцент на Средната тераса, која моментално е предмет на систематски археолошки ископувања. Вкупно се снимани 4,5 км во должина.

На Црквиште е работено на 4 локации, со поминати 3,5 км должина.

И од двата локалитети, снимките се обработуваат во Археолошки музеј на Македонија, и во рок од три месеци ќе бидат обработени и достапни.

Истражувањата се вршени под раководство на Дејан Ѓорѓиевски и Мирослав Петковски.

## ИСТОРИСКО ОДДЕЛЕНИЕ

1.АСНОМ

Со одобрените средства од првиот дел беше купена гарнитура за седење, мала клуб маса , телевизор и лап топ за потребите на музејот како дел од дизајнот на фоајето (чекална) на Меморијалниот центар АСНОМ. Поради откажување на втор дел од средствата не беше целосно реализиран проектот каде што беше предвидено макета во фоајето и стаклени витрини на поставката.

## ЕТНОЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ

1.ЖЕНСКА СВАДБА КАЈ АЛБАНЦИТЕ ВО КУМАНОВСКИОТ КРАЈ

Проектот под наслов „Женска свадба кај Албанците“ го опфаќа истражувањето и снимањето на обичајот кај албанците познат под името “Канаѓеѓ“. Раководител на проектот е виш- кустос етнолог Надица Петковиќ Овој обичај се изведува два дена пред главната свадба. Проектот започна при крајот на јули и почетокот на август со истражување што беше направено во неколку албански семејства кои во тој временски

период вршеа подготовки за свадба и со тоа го изведуваа и овој обичај. Иако на почетокот навидум соработката беше добра, кога дојдовме до момент на соопштување дека материјалот треба да биде објавен пред широката јавност, наидувавме на негативни реакции. Со помош и подршка од колегите од албанска националност, сепак успеавме да издејствуваме, за еден од сниманите материјали да добиеме усна и писмена дозвола, материјалот да може да се користи за музејски цели. До сега го изработивме сценариото и истото е преведено на македонски јазик. Фактички со ова, првата фаза од истражувањето и снимањето е завршена. Во наредниот период се предвидуваше да се преведе материјалот на англиски јазик како и да се изврши монтажа со што ќе се изработи документарен филм, во траење од 15- 20 минути во кој ќе бидат опфатени сите битни сегменти од овој ритуал. Со оглед на важноста и значењето на обичаите за етникумите кои живеат во Македонија,за овој проект треба да бидат обезбедени финансиски средства за да може да се заврши документарецот.

## 2.УКРАСУВАЊЕ НА ОБЛЕКАТА, КАКО НАЧИН НА ПРЕПОЗНАТЛИВОСТ НА АЛБАНСКИОТ НАРОД

Изложбата беше реализирана во Уметничка галерија, Куманово на 22.11.2022 година, (петок). Раководител на проектот беше виш – кустос етнолог Валентина Илиевска

На изложбата беа презентирани традиционални облековни елементи од Народната носија кај Албанскиот народ, од 50 –те години на 20 век, како и денешната современа облека. Еден дел од материјалот е сопственост на етнолошкото одделение, а поголем дел е позајмен од Земиле Ебиби и Феријане Исени кои беа и стручни соработници во реализацијата..

Беа изложени 60 експонати амбиентално, поставени во една сала. Учество имаше и Културно уметничкото друштво „ Бајрам Шабани“ од Куманово. Изложбата беше посетена од граѓани од Куманово и ученици од повеќе основни и средни училишта. За изложбата беше изработен и каталог во боја, покана и плакат.

## 3.ЕТНОЛОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА СЕЛАТА ВО КОЗЈАЧИЈАТА

Теренското истражување на тема „Етнолошко истражување на селата во Козјачијата“, се реализираше од месец септември до месец декември, преку разговори со информатори. Дел од разговорите со информаторите се одвиваа во селата од Козјачијата, но и во Куманово. За теренското истражување претходно беше изготвен прашалник.

Во текот на истражувањето во неколку наврати беа посетени селата од Козјачијата( Бајловце, Брешко, Арбанашко, Буковљане, Пелинце, Драгоманце, Жегљане, Кокино, Рамно, Цветишница, Длабочица, Цвиланце и др.).

Поголем дел од истражувањето беше сконцентрирано на актуелната состојба и промените во материјалната, духовната, социјалната култура, настанати како последица на иселувањето од селата од Козјачијата. Од теренското истражување може да се заклучи дека жителите од селата од Козјачијата активно се раселуваат, а некои од селата (с. Цветишница) се целосно раселени или во нив живеат неколку постари жители (2, 3 лица). Раселувањето најмногу е насочено кон градот Куманово (приградските населби околу Куманово), а нешто поретко до поголемите села како Драгоманце или Старо Нагоричане.

Во неколку наврати беше разговарано со лица кои некогаш живееле или се родени во козјачките села, а денес живеат во Куманово, како и со вработените (учители, професори и други лица) во училиштата од овој крај. Од нив беа добиени корисни информации за минатото на селата и е направена паралела со денешната состојба.

За време на теренското истражување направени се поголем број интервју, собран е обемен теренски материјал, кој траба да се обработи, а некои од материјалите треба да се проверат со повторни посети на дел од селата од Козјачијата.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ

### 1.НЕКОЛКУ ЦРКВИ ОД КУМАНОВСКО, СО ЦАРСКИ ДВЕРИ ВО РЕЗБА

Проектот опфати снимање со камера на пет цркви во Кумановско, градени во периодот на 16 и 17 век и Преродбата. Снимањето започна на 17.5.2022 година, кога се снимени три од пет цркви во кумановски села и тоа: Св. Богородица во Пчиња, Св. Никола во Винце и Св. Илија во Живиње). На 15.6. 2022 година, е извршено снимање на црквите Св. Атанасиј во Кокошиње и Св. Никола во К’шање. Со тоа фазата на снимање заврши. Монтажата на снимениот материјалот во документарен филм кој ги содржи важните податоци за овие сакрални градби, беше завршена до 30 јуни 2022 година. Снимањето и монтажата се одвиваше во соработка со Тв Плус од Куманово.

Документарниот филм во траење од 22 минути е со наслов

НЕКОЛКУ ЦРКВИ ОД КУМАНОВСКО СО ЦАРСКИ ДВЕРИ ВО РЕЗБА

Автор на филмот е Валентина Андреиќ, раководителот на проектот.

Во документарниот филм е наведено следново:

Продукција : НУ Музеј – Куманово

Главен и одговорен уредник – Мери Николиќ, (директор)

Сценарио и режија – Валентина Андреиќ, виш кустос историчар на уметноста

Соработници (од НУ Музеј – Куманово):

Славица Крстиќ, Валентина Илиевска, Мирослав Петковски,

Музика

Летка Димовска - Полизова, уметнички раководител на женски камерен хор "Св. Злата Мегленска'', Скопје

Превод на англиски јазик – Данијела Даиловска (НУ Музеј – Куманово)

Проектот е финансиран од Министерството за култура на Република Северна Македонија за 2022 година

Производство –Тв Плус Куманово, јуни 2022 година.

**Промоција – На 1.9.2022 година, Занаетчиски Дом, Куманово, 12:00 часот**

За промоцијата пред кумановската јавност, беа изготвени покана и промотивен плакат. Промотор на филмот беше Славица Крстиќ, советник документатор, историчар на уметноста во НУ Музеј – Куманово.

Промоцијата на документарниот филм во Занаетчискиот дом во Куманово имаше задоволителна посетеност и предизвика интерес кај гледачите од возрасна група и ученици од училишта во градот. Беше потенцирано дека црквите се споменици на културата, односно значајно недвижно културно наследство.

На 28 октомври 2022 година, документарниот филм се здоби со Специјална плакета за трајни вредности на 30-то издание на Интернационалниот фестивал „Камера 300" во Битола воконкуренција на 40 филмови од 11 земји од Европа и 1 од Америка.

## 2. БИСЕРИ НА РЕЗБАТА ВО КУМАНОВСКО

Отварањето на изложбата ,,Бисери на резбата во Кумановско'' беше на 24.11.2022 год. во 12 час во просториите на Занаетчискиот Дом во Куманово. Авторот Славица Крстиќ

ја претстави резбата од 16 до 20 век преку 52 колор фотографии проследени со оригинални експонати: детали од царски двери, од крстот од иконостасот, црковниот мобилијар,рипиди, крст, розета и сл. Опфатени се околу 40 цркви од кумановско.

## ЗАШТИТА НА МУЗЕЈСКИ МАТЕРИЈАЛ

### 1.КОНЗЕРВАЦИЈА НА МУЗЕЈСКИ МАТЕРИЈАЛ И ОПРЕМА ЗА ЛАБОРАТОРИЈА

Во склоп на овој проект беше извршен комплетен увид во материјалите, опремата и алатот во лабораторијата. Беа набавени потребните хемикалии за конзервација белоцид, желатин, казеин, амониум бикарбонат, бои, четки, разредувач, лепила, лакови,заштитни маски и ракавици како и повеќенаменски кутии за складирање. Беше извршена превентивна конзервација на неколку предмети од етнолошкото депо како и на 10 икони од депото на црквата Св. Никола во Куманово. Извршено е проветрување и дезинсекција на предмети од текстил. Предметите се проветрени, извршена е консолидација, дезинсекција и стабилизација. На иконите е извршено фиксирање на подлогата, отстранување на деградираните лакови како и реставраторски интервенции. На предметите од метал е извршено механичко чистење, стабилизација и превентивна конзервација.

## ЕДУКАЦИЈА

### 1.ИЗРАБОТКА И ПЕЧАТЕЊЕ НА„АСНОМСКА МУЗЕЈСКА ЧИТАНКА‘’

Што се однесува до реализацијата на овој проект за деца под наслов “Изработка и печатење на *Асномска музејска читанка”* иако првично беше предвидено печатење на музејската читанка во тираж од 200 примероци, поради финансиската состојба истата се испечати во тираж од 50 примероци. Музејската читанка е испечатена во предвидениот

А4 формат колор двострано, но со намалена грамажа на внатрешни страници со хартија мат кунздрук од 130 гр и корици со сјаен кундзрук од 200 гр.без пластификација на истите.

За успешна реализација на оваа детска публикација учествуваа следниве соработници: Ангела Петковска – овластен лектор по македонски јазик со Уверение за положен испит за лектор бр.15-395 /6, ев.книга бр. 03-323/1, стр.бр.40 (издадено од Министерство за култура на Р. Македонија), којашто изврши лектура на текстот на македонски јазик, Весна Димитриевска – дипломиран професор по македонски јазик и литература, којашто напиша куса рецензија за читанката врз основа на прочитаниот текст за истата и на крајот истата беше дизајнирана од страна на Ангел Ангеловски – дипломиран графички дизајнер.

,,Читанката’’има превод и на англиски јазик како и фотографии.Во иднина се предвидува печатење на уште примероци од истата со исти спецификации.

2.УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ НА МУЗЕЈОТ И КОКИНО

Уредување и одржување на интернет страници на музејот (**www.kumanovomuseum.com**; и локалитетот Кокино **www.visitkokino.com**) се во склоп на едукацијата и спаѓаат во тековни работи.

3.’’ЕДУКАЦИЈА И ЗА НАС НЕВИДЛИВИТЕ ’’

Проектот се реализираше во периодот од 5 – 22.11.2022г. во ’’Порака наша’’ – Регионален центар за лица со интелектуална попреченост и од 11 – 25.11.2022 г. во ,,Дневниот центар за лица со попреченост’’- Куманово.

Проектот – “Едукација и за нас невидливите“ беше изработен за корисниците на двата центри за лица со попреченост во Куманово. Идејата беше оваа категорија на граѓани да се вклучи во секојдневните текови на културниот живот во градот со тоа што најпрвин ќе се запознаат со професијата археолог, со работата и активностите на терен. Да научат што е тоа археологија, ископување, евидентирање на пронајдоците и нивното конечно изложување на музејска поставка. За таа цел уште пред отпочнување на проектот изработивме компјутерска презентација на Power Point, приспособена за способностите за учење на лицата со попреченост. Во текот на едукативниот дел беа направени и работилници преку кои, на овие лица уште повеќе им се доближи не само професијата археолог туку и временските епохи од кои потекнуваат археолошките предмети. Од праисторија ја цртавме и боевме “Богинката Мајка- жртвеник“, антиката ја претставивме преку изработка на еден грнчарски сад кој беше искршен на повеќе делови а ние како вистински археолози го лепевме и конзервиравме. За

средновековието подготвивме  шлем и штит на еден војник. Во текот на работилниците на барање на штитениците на еден од центрите прикажавме и документарен филм од областа на етнологијата. Проектот го завршивме со посета на музејската поставка во кумановскиот музеј каде што лицата со попреченост директно се запознаа со сето она што го учевме кај нив.

Одделението за едукација освен програмските проекти подржани од министерството за култура оствари едукативни настани надвор од програмата во организација на самиот музеј:

- Одбележување на меѓународниот ден на музеите 18 мај
- Европски денови на културното наследство и
- Ноемвриски денови

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

### 1.РЕДОВНА РАБОТА ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МУЗЕЈСКА ЕВИДЕНЦИЈА

За овој проект беа набавени 4000 инвентарни картони за редовна работа во одделението за документација и евиденција при музејот Куманово.

### 1.ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА МЕМОРИЈАЛНИОТ ЦЕНТАР АСНОМ ВО С.ПЕЛИНЦЕ

Тековно одржување на Меморијалниот центар АСНОМ во село Пелинце  беше реализиран во текот на јули и август, тековната година.
-Набавени се 6 знамиња за јарболи, за на платото пред Музејот;
-Извршена е набавка на гориво и мазиво кое е потребно за машините за одржување на тревните површини;

-Набавени се потребните материјали и извршени се поправки и префарбување на надворешниот инвентар (клупи за одмор, катчето за деца, како и фарбање на влезната врата);
- Превземено е машинско чистење на мермерните подови и прозорците на музејот од страна на специјализирана фирма.
-Набавени се средства за хигиена за одржување на објектот во текот на годината;
-Набавени се алатки и платени се услуги од трети лица.

**2.** УРЕДУВАЊЕ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ КОКИНО,С.КОКИНО

**„** Уредување и тековно одржување на локалитетот Кокино, село Кокино**“** беше реализиран во текот на јуни-декември, тековната година.
-набавена е фискална каса за наплата на влезници на локалитетот;
-Набавени се потребните материјали и извршени се поправки и префарбување на надворешниот инвентар (клупи и маси за одмор);
-Извршена е набавка на гориво и мазиво кое е потребно за машините за одржување на тревните површини.

-

1. **ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Издадено е списание Музејски гласник бр.14 изготвено од редакцискиот одбор во состав на Мери Николиќ – главен и одговорен уредник, Славица Крстиќ, секретар, Дејан Ѓорѓиевски,член, М-р Мартин Наковски, член, Марија Живачки, член и Неда Митковска, член, рецензирано од д- р Звонимир Николовски, лекторирано од м- р Наташа Пешевска и превод на апстракти од македонски на англиски јазик Данијела Даиловска.

Списанието опфаќа 14 научни труда од различни автори, и тоа 12 од вработени во НУ Музеј Куманово и 2 од автори од други институции ( Музеј на град Скопје и Музеј на Македонија).Трудовите разработуваат прашања од областа на археологијата, нумизматиката, историјата, историјата на уметност,етнологијата и правна регулатива.

Гласникот е испечатен во тираж од 300 примероци, на 193 страници во црно – бело и колор во формат (17x24 см). Дизајн на корица е Милена Петров, а печатењето во Графотекс Куманово.

**ОД ОБЛАСТА НА ИНВЕСТИЦИСКО ОДРЖУВАЊЕ, ОСИГУРУВАЊЕ, АДАПТАЦИЈА И НАБАВКА НА ОПРЕМА:**

Во програмата за 2022 год, од областа на инвестициско и тековно одржување на објектите и на опремата во државна сопственост, од Министерството за култура беа финансирани два проекти:
**’’Одржување на музејски згради’’** кој се однесува на Уметничката галерија и постојаната музејска поставка, сместени во објекти изградени во триесеттите години на минатиот век кои и сами по себе претставуваат споменици на култура. Со оглед на нивната старост, потребно е континуирано следење на нивната состојба и одржување на истите. Проектот опфати санација на кровните конструкции и фасадите поради нивните оштетувања, при што доаѓа до навлегување на атмосферска вода во внатрешноста на објектите. Овие влажења предизвикуваа појава на влага на плафоните и зидовите, а претставуваа опасност како за експонатите, така и за електричната инсталација.

Градежно-занаетчиските работи ги изведе фирмата Еуролимарија ДООЕЛ, Куманово, како најповолен понудувач. Изведени се следните градежно-занаетчиските работи :
-Демонтажа и одлагање на оштетените керамиди и капаци;
- Проверка на дрвените елементи од кровните конструкции и демонтажа на дел од нив;
- Набавка, транспорт и поставување на дел од кровните конструкции ( даски и летви);
- Набавка, транспорт и поставување на пластифициран лим,ували, опшивки и олуци;
- Набавка, транспорт и поставување на нови керамиди и капаци;
- Отстранување на оштетен малтер на фасадите, повторно малтерисување и финална обработка на истите;
- Утовар и транспорт на шут во градска депонија.

**“Плато пред Меморијалниот центар АСНОМ во село Пелинце “**, кој претставува продолжување на проект од 2020 година, кога беше изведена армирано - бетонската кошулка на платото пред музејот. Поради изложеност на разни временски влијанија (дожд, снег, високи и ниски температури), настанаа оштетувања на истата, и беше потребно итно довршување на проектот. Поради моменталната економска состојба во државата, како и краткиот временски рок за реализација, музејот се одлучи за побрза и поевтина варијанта, односно финалната обработка на платото да се изведе со соодветен премаз за бетон, со претходна подготовка на подлогата.

Градежно-занаетчиските работи ги изведе фирмата РБ БАУ-ДООЕЛ, Куманово, како најповолен понудувач.Изведени се следните градежно-занаетчиските работи :
- Поправка на оштетени делови од армирано-бетонска кошулка, чистење и вградување на цементен малтер.
-Отстранување на оштетените слоеви од цоклата, чистење на подлогата и обработка на истата со цементен малтер.
- Набавка, транспорт и вградување на бетон-контакт на платото и цоклата.
- Набавка, транспорт и вградување на боја за бетон во 2 слоја на платото и цоклата.

## ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА МУЗЕЈСКИ МАТЕРИЈАЛ

Во Уметничката галерија при НУ Музеј – Куманово, според годишниот договор за учество во финансирање на Програма од национален интерес во културата во 2022 год. од одбласта на ликовната и галериската дејност, се реализирани следниве програмски активности:

1. **Изложба на дела од ликовната колонија “ Куманово 2021 “**
2. **Интернационална ликовна колонија “ Куманово 2022 “**
3. **“ Кумановски ликовни уметници 2022 “**
4. **Крсто Славковски, ретроспективно – монографска изложба**
5. **Наивата во Македонија, изложби во Скопје, Штип и Гевгелија**
6. **Самостојна изложба на Мухамет Идризи**
7. **Самостојна изложба на Александар Симоновиќ**
8. **Самостојна изложба на Мирослав Величковски**

### 1. Изложба на дела од ликовната колонија “ Куманово 2021

На 10 август 2022 година во Лапидариумот на НУ Музеј-Куманово беше отворена изложбата на дела од ликовната колонија “Куманово 2021 “.

На изложбата беа прикажани делата, слики во различни ликовни техники, на 15-мината ум.учесници на ликовната колонија “ Куманово 2021 “ : **Ивана Настески, Тања Соларска Темелковски, Дејан Божиновски, Ивана Тушевска, Мирослав Величковски, Стефан Младеновски и Марија Трајаноска, Владимир Илиќ, Маријана Ракичевиќ, Небојша Ѓурановиќ, Јелена Враговиќ и Звездана Гериќ, Панта Пантиќ, Небојша Станков и Леа Цераниќ.**




ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА
ИНТЕРНАЦИОНАЛНА
ЛИКОВНА КОЛОНИЈА КУМАНОВО 2021
INTERNATIONAL
ART COLONY KUMANOVO 2021
Ивана Настески – Република Северна Македонија
Тања Соларски Темелковски – Република Северна Македонија
Дејан Божиновски – Република Северна Македонија
Ивана Тушевска – Република Северна Македонија
Мирослав Величковски – Република Северна Македонија
Стефан Младеновски – Република Северна Македонија
Марија Трајаноска – Република Северна Македонија
Владимир Илиќ – Република Србија
Маријана Ракичевиќ – Република Србија
Небојша Ѓурановиќ – Република Србија
Јелена Враговиќ – Република Србија
Звездана Гериќ – Република Србија
Панта Пантиќ – Република Босна и Херцеговина
Небојша Станков – Република Бугарија
Леа Цераниќ – Република Хрватска
Ivana Nasteski – Republic of North Macedonia
Tanja Solarski Temelkovski – Republic of North Macedonia
Dejan Bozhinovski – Republic of North Macedonia
Ivana Tushevska – Republic of North Macedonia
Miroslav Velichkovski – Republic of North Macedonia
Stefan Mladenovski – Republic of North Macedonia
Marija Trajanoska – Republic of North Macedonia
Vladimir Ilic – Republic of Serbia
Marijana Rakichevic – Republic of Serbia
Nebojsha Djuranovic – Republic of Serbia
Jelena Vragovic – Republic of Serbia
Zvezdana Geric – Republic of Serbia
Panta Pantic – Republic of Bosnia and Herzegovina
Nebojsha Stankov – Republic of Bulgaria
Lea Ceranic – Republic of Croatia
НУ Музеј-Куманово, Лапидариум
10.08.2022 / среда, од 20:00ч.





Изложбата  за посетителите беше отворена до крајот на месец август 2022 година.

2. **Интернационална ликовната колонија “ Куманово 2022 “**

Ликовната колонија “ Куманово 2022“, оваа година се одржа во период од 08.08.2022 до 12.08.2022 во Ресторанот Грација, кој се наоѓа во непосредна близина на Куманово. Учество зедоа 16 академски ликовни уметници како од Република Северна Македонија, така и од Србија и од Црна Гора. Од нашата земја партиципираа: ***Дејвид Стоилковски, Стефан Анчевски, Ангелина Поповска, Трајче Чатмов, Тасим Кадрија, Насо Крстевски, Симонида Филиповска Китановска, Буба Солак, Дејан Иванов Маргуш, Урош Вељковиќ, Касиопеја Наумовска и Стефан Јакимовски***; од Р. Србија : ***Милица Лилиќ***, а од Р. Црна Гора: ***Ирвин Масличиќ, Звонко Павличиќ*** и ***Радован Грујиќ***.

Оваа година поради сеуште актуелната пандемија со коронавирусот, од здравствено-безбедносни причини 5-мина уметници - учесници престојуваа и работеа во ресторан Грација, додека 11-мина од учесниците (сите од РС Македонија) работеа во домашни услови. На уметниците им беше доставен материјал за работа: платна и бои и тие своите дела ги изработија во домашните ателјеа.Вкупно беа изработени 30 ликовни дела, слики во различни ликовни техники на сликарството : масло, акрил и комбинирана ликовна техника.







  

Колонијата, која е препознатлива по својата долгогодишна активност е во организација и координација на НУ Музеј – Куманово и Градоначалникот и Советот на Општина Куманово и е финансиски поддржана, како од општината така и од страна на Министерството за култура на Република Северна Македонија. Таа бележи континуирана активност од 1974 година со што се вбројува во редот на најстарите ликовни манифестации во републиката.

**3. “ Кумановски ликовни уметници 2022“**

На 10 ноември 2022 година во Салонот на Уметничката галерија при НУ Музеј - Куманово беше отворена групна изложба на дела „ Кумановски ликовни уметници 2022 “. Изложбата е традиционална и секоја година се реализира по повод 11 Ноември – Ден на ослободување на град Куманово.

На изложбата зедоа учество 21 академски ликовен уметник од градот, кои се претставија со по 1 ликовно дело. Продукцијата опфаќаше дела изработени во различни ликовни техники на цртежот, сликарството и графиката.

За сите љубители на уметноста изложбата беше поставена до 22 ноември 2022 година.


КУМАНОВСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ 2022
Уметничка галерија Куманово
Кумановски ликовни уметници 2022
2022.11.09


Република Северна Македонија
Министерство за култура
Градоначалник и Совет на Општина Куманово
Изложба на дела
Кумановски ликовни уметници 2022
АЛЕКСАНДАР СИМОНОВИЌ
МИРОСЛАВА ЦВЕТКОВИЌ
ТРАЈАН ТРАЈКОВСКИ
АКИМЕ НАСУФИ РЕЏЕПИ
СТЕФАН АНЧЕВСКИ
АНА ЈОВАНОВСКА
МАРИЈА ВЕЛИЧКОВСКА
ИГОР АНДРЕИЌ
СТЕФАН ЈАКИМОВСКИ
МАРИНА ЦВЕТАНОВСКА МАРТИНОВСКА
СТРАХИЛ ПЕТРОВСКИ
ДЕЈВИД СТОИЛКОВСКИ
ДАРКО ТРАЈКОВСКИ
СИМОНА ЈАКИМОВСКА
ЗОРАН ЈАКИМОВСКИ
АЛЕКСАНДАР ВЕЛИЧКОВСКИ
ДЕА САЛИХИ
МИРОСЛАВ ВЕЛИЧКОВСКИ
ГОЦЕ БОЖУРСКИ
ВАЛЕНТИНА ИЛИЈЕВСКА
Уметничка галерија Куманово
10/11/22
19:30


15 19
МУЗЕЈ КУМАНОВО



## 4. Крсто Славковски, ретроспективно – монографска изложба

На 28 септември до 9 октомври беше поставена изложбата посветена на делата на Крсто Славковски.Изложбата опфаќаше шеесеттина скулптури, а истата беше проследена и со монографија со обемен текст на триесеттина страни и околу седумдесет колор репродукции. Пред многубројната публимка и членови на семејството говореше авторот на проектот Гоце Божурски, а во име на Националната галерија на Република Северна Македонија (каде што овој автор го поминал целиот работен век во одделот за административно/техничка поддршка како курир и чувар на слики) се обрати Маја Крстевска.





## 5. Наивата во Македонија, изложби во Скопје, Штип и Гевгелија

-Скопје, Национална галерија на РСМ, 3-10 март 2022

-Гевгелија, Музеј-галерија „Амам“, 17-29 март 2022-07-12

-Штип , ЗЗСК Музеј, Галерија „Безистен“,1-15 април 2022

За прв пат во нашата земја (по поставката во Уметничката галерија во Куманово во текот на декември 2021-февруари 2022), изложбата на македонската наива беше отворена во Националната галерија на РСМ во Скопје, во галеријата „Амам“ која е во сотав на НУ Музеј – Гевгелија и галеријата „Безистен“ која е во рамките на НУ ЗЗСК и Музеј Штип, а истовремено беше промовирана истоимената книга за феноменот на творештвото кое припаѓа на  оваа област. Освен книгата со обемен текст на шеесеттина страни и околу сто колор репродукции, за оваа намена беше отпечатен каталог/флаер на 4 страни со краток текст/заклучок за наивата и колор репродукции од сите застапени автори., Во воведот се дава објаснување за појавата и развојот во светски рамки, како и состојбата и спецификите кај нас.  На овој начин, не само што, конечно и во наши услови, наивата добива институционална верификација, освен како естетска, таа се легитимира и како национална културна и уметничка вредност.

6. **Самостојна изложба на Мухамет Идризи**

На 19 октомври 2022 година во Салонот на Уметничката галерија при НУ Музеј - Куманово беше отворена Самостојна изложба на академскиот уметник Мухамет Идризи.



 



На изложбата беа прикажани 16 ликовни дела, слики, (масло на платно). Изложбата за посетителите беше отворена до крајот на месец октомври 2022.

**7. Самостојна изложба на Александар Симоновиќ**

На 16 декември 2022 година во Салонот на Уметничката галерија при НУ Музеј - Куманово беше отворена самостојна изложба на академскиот уметник Александар Симоновиќ Симо, под наслов „ Тестамент “.Станува збор за седма самостојна изложба на авторот. На изложбата беа прикажани 16 ликовни дела, композиции – полиптиси, работени во комбинирани техники. Изложбата за посетителите беше отворена до 26 декември 2022 година.










8. **Самостојна изложба на Мирослав Величковски**

На 26 декември 2022 година, во Салонот на Уметничката галерија при НУ Музеј - Куманово беше отворена самостојна изложба на академскиот уметник Мирослав Величковски Мире, под наслов „ Двојна Порта/ Double gate “.


МИРОСЛАВ
ВЕЛИЧКОВСКИ
МИРЕ
Double Gate
ДВОЈНА ПОРТА


МИРОСЛАВ
ВЕЛИЧКОВСКИ
МИРЕ
ДВОЈНА ПОРТА







Ова е втора по ред самостојна изложба на авторот. Беа прикажани 20 ликовни дела – слики ( диптиси, триптиси ), работени во техника масло и акрил на платно. Изложбата за посетителите ќе биде отворена и во текот на месец јануари 2023 година.

*Освен овие проекти (изложби), финансирани од Министерството за култура на Р.С. Македонија, во Уметничката галерија при НУ Музеј – Куманово, се реализирани и други изложбени активности во вид на превземања и соработка со др. институции и ликовни уметници, од областа на културата:*

**1. Ретроспективно-монографска изложба на Димитар Стојчевски „Сеќавања во круг “**

Вонпрограмска реализација во соработка со ЛУ Градски Музеј Крива Паланка, Министерство за култура, Општина Крива Паланка, НУ Центар за култура Крива Паланка, Меѓународна ликовна колонија “ Св. Јоаким Осоговски “и Центарот за аудиовизуелни уметности. Изложбата беше отворена на 16.05/22 во Салонот на Уметничката галерија, а беше поставена до крајот на месец мај 2022 година. Беа изложени повеќе од 45 ликовни дела во различни ликовни техники. Освен ликовни дела, на изложбата беше презентиран и краток арт филм „Магнет “, публикација од авторката Кирила Цветковска, како и монографија за сликарот од  Гоце Божурски.





1. **Самостојна изложба на Трајче Чатмов**

   Изложбата беше отворена на 14. септември 2022 година во Салонот на Уметничката галерија, а беше поставена до крајот на месецот.




2. Изложба **„ Откружено “** од академските ликовни уметници :Марина Цветановска Мартиновска, Александар Симоновиќ и Мирослава Цветковиќ, беше отворена на 10 октомври 2022 во Салонот на уметничката галерија, а беше поставена до 20 октомври 2022.




3. **Самостојна изложба на Деа Салихи**
   Изложбата „ Фрагменти од светот на жената “ беше отворена на 01 септември 2022, а беше поставена до 20 септември 2022 год. во Салонот на уметничката галерија.




4. **Самостојна изложба на Марина Цветановска Мартиновска**
   Изложбата „ Празни не(д)остатоци “ беше отворена на 21 декември во Салонот на уметничката галерија, а беше поставена до 26 декември 2022 година.




Тековно се вршеше евиденција на делата од ликовните збирки во Уметничката галерија.

Јануари, 2023 год.
Куманово

НУ Музеј Куманово
в.д. Директор

/------------------------/

Мери Николиќ